1. **<u>Информации за Координативниот Центар за спасување (RCC-Skopje), негови надлежности и контакт податоци</u>**

**Координативен центар за потрага и спасување (Rescue Coordination Centre – RCC)**

Координативниот центар за потрага и спасување (RCC) е оперативен центар кој обезбедува организирање, координација и управување со операции за потрага и спасување на воздухоплови во неволја и лица загрозени при воздухопловни несреќи во рамките на определениот Регион за потрага и спасување (Search and Rescue Region – SRR), во согласност со ICAO Annex 12 и IAMSAR Manual.

**Надлежности на RCC**

RCC ги извршува следните задачи:

- Прима, обработува и оценува известувања за воздухоплови во опасност или исчезнати воздухоплови.
- Ги утврдува фазите на вонредна состојба (INCERFA – Неизвесност, ALERFA – Подготвеност, DETRESFA – Опасност) и ги презема соодветните активности.
- Ги координира сите активности за потрага и спасување во рамките на SRR.
- Ги активира и координира расположливите SAR единици и останатите надлежни институции.
- Одржува 24-часовна оперативна подготвеност.
- Обезбедува постојана комуникација со:
    - единиците за контрола на летање (ATS);
    - спасувачките единици;
    - соседните RCC/JRCC центри;
    - метеоролошките служби;
    - COSPAS-SARSAT системот;
    - другите надлежни државни институции.
- Води оперативна документација и евиденција за сите SAR случаи.
- Подготвува SITREP извештаи и разменува информации со домашни и меѓународни институции.
- Координира меѓународна SAR помош кога е потребно.
- Организира и учествува во обуки, вежби и проверки на SAR системот.
- Го ажурира RCC Operational Plan, листите за контакти и другата оперативна документација.
- Обезбедува анализа и извештаи по завршување на SAR операциите со цел подобрување на системот.

**Контакт информации**

**Rescue Coordination Centre (RCC) Skopje**

Адреса: Центар за управување со кризи
Координативен центар за потрага и спасување
Место на прием на COSPAS-SARSAT пораки
Димче Мирчев бр.9,
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Телефон: ++ 389 2 3249 228 / 3249 229

Факс: ++ 389 2 3136 226

## 2. <u>Организациска структура</u>

Во рамки на надлежниот регион за потраги и спасување SRR-Skopje е воспоставен еден Координативен центар за потрага и спасување Rescue Co-ordination Centre-Skopje кој е одговорен за покренување, координирање и прекинување на операции за потраги и спасување.

- RCC Skopje е составен од обучени и овластени лица вработени во Центарот за управување со кризи, кои вршат непрекинато 24-часовно оперативно дежурство. - Во текот на секоја смена се определува дежурен координатор на операции за потрага и спасување (SMC), кој ја координира SAR операцијата согласно националните процедури и стандардите на ICAO и IAMSAR.
- Останатите членови работат на своите тековни работни обврски но се обучени и достапни за брзо активирање и превземање на оперативни должности во RCC.
- Во конкретната SAR операција, улогата на SMC продолжува со водење н SAR операцијата во зависност од развојот на и потребите на SAR операцијата.
- Одлуката ја носи дежурниот SMC.
- Поради техничко - комуникациските системи и неопходната логистичка поддршка од службите во КЛ, за работа на RCC во конкретна SAR операција ќе биде прилагодена соодветна просторија во КЛ .
- Координатор за потрага и спасување (Search and rescue Co-ordinator-SC) има административни надлежности за организирање и управување со SAR системот.
- Координатор на операции за потрага и спасување (Search and Rescue mission Co-ordinator-SMC) и координатор на место на настан(On-Scene Co-ordinator-OSC) се оперативни функции за време на конкретна SAR операција а нивните надлежности се дадени во поглавје 2 на овој план.

3. **<u>Информации за  Search and Rescue Region (SRR) и област на одговорност</u>**

**Област на одговорност на RCC Skopje**

Rescue Coordination Centre (RCC) Skopje е надлежен за координација на сите воздухопловни операции за потрага и спасување во рамките на **Search and Rescue Region (SRR) на Република Северна Македонија**, како што е определено во националните прописи, регионалните ICAO договори и објавено во AIP North Macedonia.

Во рамките на својата област на одговорност, RCC Skopje:

- обезбедува 24-часовна SAR служба;
- прима и обработува информации за воздухоплови во опасност;
- иницира, организира и координира SAR операции;
- ги активира сите расположливи воздухопловни, копнени и други спасувачки ресурси;
- координира активности со ATS единиците, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, здравствените служби, противпожарните единици, локалните власти и другите субјекти на SAR системот;
- разменува информации и соработува со соседните Rescue Coordination Centres кога операцијата се одвива во близина на границите или бара меѓународна помош;
- обезбедува континуирано следење на SAR операциите до нивното успешно завршување или формално затворање.

**Територијална надлежност**

Областа на одговорност на RCC ги опфаќа:

- целокупниот воздушен простор на Република Северна Македонија;
- копнената територија на Република Северна Македонија;
- сите области определени како дел од македонскиот Search and Rescue Region (SRR), согласно ICAO регионалните договори и националната AIP документација;
- координација на прекугранични SAR операции во соработка со соседните RCC, кога тоа го бараат околностите или билатералните договори.

4. **<u>Информации за Search and Rescue Point of Contact (SPOC) и COSPAS-SARSAT системот.</u>**

Во Република Северна Македонија, SPOC е воспоставен во рамките на RCC Skopje, кој обезбедува:

- 24-часовен прием на пораки од COSPAS-SARSAT;
- верификација на добиените информации;
- анализа на координатите и податоците за радиофарот (Beacon);

- контактирање на сопственикот или операторот на Beacon, кога е можно;
- иницирање и координација на SAR активности доколку се потврди или постои сомневање за вистинска опасност;
- размена на информации со Mission Control Centres (MCC), соседните RCC и други SPOC контакт точки.

**COSPAS-SARSAT систем**

COSPAS-SARSAT е меѓународен сателитски систем за откривање и лоцирање на сигнали за опасност (distress alerts) емитувани од радиофарови (Beacon), со цел поддршка на службите за потрага и спасување низ целиот свет.

Системот е основан во 1979 година и денес претставува глобална хуманитарна услуга која овозможува брзо откривање и прецизно лоцирање на лица во опасност, без разлика на нивната националност или локација.

Основна цел

Главната цел на COSPAS-SARSAT е:

- брзо откривање на сигналите за опасност;
- точно определување на локацијата на радиофарот;
- проследување на информациите до надлежниот Mission Control Centre (MCC);
- доставување на предупредувањето до соодветниот RCC/SPOC за започнување на SAR операција.

Видови Beacon уреди

Системот поддржува три основни вида радиофарови:

- ELT (Emergency Locator Transmitter) – наменет за воздухоплови;
- EPIRB (Emergency Position Indicating Radio Beacon) – наменет за бродови;
- PLB (Personal Locator Beacon) – личен радиофар што го користат поединци.

Сите современи радиофарови работат на 406 MHz, што овозможува единствена идентификација на уредот и, кај моделите со GNSS, пренос на точни географски координати.

Сегменти на COSPAS-SARSAT системот

Системот се состои од три главни сегменти:

**1. Вселенски сегмент (Space Segment)**

Се состои од сателити кои ги примаат сигналите од Beacon уредите:

- LEOSAR – сателити во ниска орбита;
- GEOSAR – геостационарни сателити;
- MEOSAR – сателити во средна орбита (GNSS констелации), кои овозможуваат побрзо откривање и попрецизно одредување на локацијата.

**2. Копнен сегмент (Ground Segment)**

Го сочинуваат:

- Local User Terminal (LUT);
- Mission Control Centre (MCC);
- SPOC и RCC.

Овој сегмент ги обработува сигналите и ги доставува до надлежните служби за потрага и спасување.

**3. Кориснички сегмент (User Segment)**

Го сочинуваат сите регистрирани 406 MHz Beacon уреди (ELT, EPIRB и PLB).

5. **<u>Закон за воздухопловство и важечка подзаконска регулатива од обалста за потрага и спасување (SAR)</u>**

- Pdf file 1.1-Закон-за-воздухопловство-14.24 **Attachment:** *PDF File 1.1 – Law on Civil Aviation (Official Gazette No. 14/24)* **shall be attached to this page.**